Врз основа на членовите 110, 170 и 172 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) и член 7, член 12, член 26 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), согласно одлуката на Наставно научниот совет број 02-304/2 од 9.9.2020 година, согласно одлуката на Наставно научниот совет број 02-317/2 од 18.9.2020 година и Известувањето од Министерство за финансии бр.18-757/2 од 24.01.2020 година за добиена согласност за вработување, Факултетот за шумарски науки, пејзажна аритектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, распишува

**К О Н К У Р С**

**за избор и вработување на 2 (два) кандидати во соработничко звање –асистент**

1. Се распишува конкурс за избор и вработување на 2 (два) кандидати во соработничко звање- асистент и тоа:

- 1 (еден) кандидат во соработничко звање асистент на Катедрата за земјиште и вода, во научно поле (4) - Биотехнички науки, научно подрачје (4.1) - Наука за земјиштето и хидрологија, научна област (4.01.10) - Друго и во научно поле (2) - Техничко-технолошки науки, научно подрачје (2.07) - Градежништво и водостопанство, научна област (2.07.15) - Уредување на водотеците и заштита од ерозија, согласно класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација, и
- 1 (еден) кандидат во соработничко звање асистент на Катедрата за за семенарство, расадници и подигнување на шумски култури, научно-истражувачко подрачје (4) - Биотехнички науки, во научно-истражувачко поле (410) - Шумарство и хортикултура, научно-истражувачка област (41008) - Друго-Семенарство и производство на шумски и декоративни садници и подигнување на шумски култури, согласно класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација.

2. Кандидатите кои ќе се пријават на конкурсот треба да ги исполнуваат општите услови согласно член 170 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), како и условите согласно постојните критериуми дадени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018).
3. Кандидатите кои ќе конкурираат треба да поднесат: пријава, кратка биографија, изјава дека ги исполнуваат општите и посебните услови за работното место, документите со кои се докажува исполнетоста на условите и уверение за државјанство.
4. Избраниот кандидат ќе заснова работен однос согласно одлуката за избор во соодветно соработничко звање, а врз основа на одредбите од Законот за високото образование.
5. Работното време на соработникот-асистент е определено во согласност со актите на Факултетот.
6. Конкурсот трае 8 дена од денот на објавувањето.
7. Пријавата со потребната документација се доставуваат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје–Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ Скопје, ул. “16-та Македонска Бригада“ број 1, 1000 Скопје.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**

**Декан**
**Проф. д-р Кирил Сотировски**